**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Регулаторна Комисија за Домување**

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Komisioni Rregullator për Banim

**До:** „ЕМ ГРУП ДИВЕЛОПМЕНТ" ДООЕЛ Скопје
ул."Вера Јоциќ" бр.16/45
1000 Скопје

**Наш број:** Уп.08-09
**Дата:** 24.03.2026 г

**Предмет:** Решение за одземање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018) и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020, бр.150/2022, бр.224/2024 и бр.160/2025) и член 6 став 1 и став 3 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), на седницата одржана на 24-03-2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. **Се одзема** лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-02/3 од 03-02-2025 година, на правниот субјект „ЕМ ГРУП ДИВЕЛОПМЕНТ" ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 7413459 со седиште на ул."Вера Јоциќ" бр.16/45 Скопје.
2. Решението влегува во сила од денот на правосилност.
3. Се известува правниот субјект „ЕМ ГРУП ДИВЕЛОПМЕНТ" ДООЕЛ Скопје, да ја врати лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-02/3 од 03-02-2025 година, на Регулаторна комисија за домување во рок од осум дена од денот на правосилност на решението за одземање на лиценцата.

Образложение

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020 бр.150/2022, бр.224/2024 и бр.160/2025), и на член 6 став 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), **ја одзема** лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-02/3 од 03-02-2025 година, на правниот субјект „ЕМ ГРУП ДИВЕЛОПМЕНТ" ДООЕЛ Скопје. Бидејќи Регулаторната комисија за домување согласно своите надлежности од член 109 став 1 точка 10 од Законот за домување при вршење на

периодична проверка на управителите за исполнувањето на условите врз основа на кои им е издадена лиценцата, а по добиени податоци од Агенција за вработување на РСМ од 10.02.2026 година, констатира дека правниот субјект, условите за поседување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради од член 10 став 4 точка 2 од Законот за домување, **не ги исполнува, поточно нема вработени две лица со најмалку средна стручна подготовка, исто така нема вработеното лице со високо образование кое поседува потврда за успешно совладана обука за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, издадена од Регулаторната комисија за домување,**

Правниот субјект „ЕМ ГРУП ДИВЕЛОПМЕНТ" ДООЕЛ Скопје, по барање на податоци од Регулаторна комисија за домување заведено со арх.бр.03-131/1 од 04.02.2026 година, а примено на 18.02.2026 година, не постапи имено не ги достави бараните податоци, додека од податоците доставени од Агенција за вработување на РСМ, констатирано е дека правниот субјект има вработено едно лице со завршено високо образование на полно работно време и едно лице без занимање.

Регулаторната комисија за домување согласно надлежностите од член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020 бр.150/2022, бр.224/2024 и бр.160/2025), како и согласно Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбена зграда ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), е надлежна да издава, продолжува и одзема лиценци за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради.

На седницата одржана на 24-03-2026 год., Регулаторната комисија за домување, донесе Решение за одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-02/3 од 03-02-2025 година, на правниот субјект „ЕМ ГРУП ДИВЕЛОПМЕНТ" ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против Решението за одземање на лиценца, дозволена е тужба пред Управниот суд, во рок од 30 дена од приемот на решението.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот да ја извести Регулаторната комисија за домување во рок од 8 дена по поднесување на тужбата.

Со почит,

Претседател
Никола Затуроски

Изготвил: Јасмина Петреска

Република Северна Македонија • Регулаторна комисија за домување • Republika e Maqedonisë së Veriut • Komisioni Rregullator për Banim